ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

01.04.2014, 17:32

ВИТРАЖ

# ПРЕЖИВЕАНИТЕ СПОМЕНИ СЕ ТРАЈНИ



Катерина Богоева

**Кон изложбата „Преживеани спомени“ на Роберт Јанкуловски и Моника Мотеска, „Мала станица“**

Дека фотографиите имаат неверојатно голема моќ врз луѓето, и тоа токму оние старите, и дека нивното поседување е во нераскинлива врска со спомените, покажува заедничката изложба на Роберт Јанкуловски и Моника Мотеска „Преживеани спомени“, отворена во Мултимедијалниот центар „Мала станица“. Двајцата уметници кои досега неколкупати ја потврдиле својата специфичност во перцепцијата и визуелната презентација на видливите и навидум невидливите парчиња светови што не' опкружуваат и овој пат тоа успешно го прават преку изложбата на фотографии и истоимената видеоинсталација. На изложбата се прикажани 24 црно-бели фотографии на кои се снимени портрети на личности, сведоци на скопскиот земјотрес во 1963 година. Но она што силно го привлекува вниманието, освен мајсторски доловените лица на: Благородна Ичева, Жарко Јакимовски, Стефан Сидовски, Христина Бартлинг, Влада Урошевиќ, Билјана Серафимовска, Владимир Георгиевски и Тања Урошевиќ, се и сочуваните, ним драги стари фотографии снимени пред и за време на земјотресот, како и тетратките, книгите... Изложените фотографии се придружени со текстови за дел од преживеаните спомени на осумте лица, а потресните приказни може да се чујат и доживеат и преку видеото конципирано како видеоинсталација. Овие личности се избрани меѓу 25-30 луѓе на кои заедничко им е токму преживувањето, но и личното доживување на катастрофалниот земјотрес. А нивните спомени и денес одѕвонуваат во старата зграда на галеријата, особено дење, кога нема многу луѓе. Секоја од личностите е со силна, впечатлива приказна која се памети или по содржината, или по визуелните моменти, по деталите. Некаде се тоа изразите на лицата, раце што допираат предмети, очи, старите сочувани фотографии кон кои се има респект. На пример, Жарко Јакимовски фотографијата на својата мајка снимена пред Втората светска војна ја нарекува еден вид икона во својот дом. Благородна Ичева сочувала фотографија на која со својот брат е снимена пред Офицерскиот дом по

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- СТУДЕНТИТЕ "ФИСКУЛТУРЦИ" НАЈУСПЕШНИ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ НА УКИМ
- ПОЛИЦИСКИОТ СИНДИКАТ БАРА КОМАНДНА ОДГОВОРНОСТ
- СЈО ИНСИСТИРА НА ПРИТВОР ЗА КОЧАН - МОЖЕ ДА ГО ПОВТОРИ ДЕЛОТО
- МАКЕДОНСКАТА ПОЕЗИЈА И ПРОЗА НА САЕМОТ ВО ВАРШАВА
- РЕВИЈАЛНА ТРКА "ВОЗИ ПРАВО, ВОЗИ ЗДРАВО"

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |

| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
|---|---|---|---|---|
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- Кривични пријави за прилепскиот градоначалник Марјан Ристески и екс министерот Диме Спасов

првомајска парада, а токму неа и ја држи во раката. „Најдраги предмети ми се книгите и фотографиите, а меѓу нив е и фотографијата со мојот татко којшто ме носи во градинка“, вели Христина Бартлинг, чиј израз на лицето говори многу кога се навраќа на денот на големата трагедија. За Билјана Серафимовска, пак, најголем спомен и најголемо сведоштво за настаните од 26 јули 1963 година е фотографија на која тоа утро некој успеал да ја сними неа заедно со мајка и', татко и' и брат и', како бегаат во пижами на главната улица. Иако доловеното чувство на тегобност е присутно на изложбата, сепак концептот на презентираните спомени има и неочекувани моменти, како што е доживувањето на Тања Урошевиќ. Во нејзините уши, вели таа, дури една недела по земјотресот, зазвучеле сите оние гласови што не можела да ги чуе во моментот на случувањето. Влада Урошевиќ, пак, во рацете држи една од сочуваните книги со видливи траги од земјотресот, а тој го меморирал и начинот на кој книгите биле спасувани. Спомените, пак, на Стефан Сидовски се како и тој самиот, по многу нешта посебни. Него земјотресот го затекнал „токму кај денешната Амбасада на САД“, додека вежбал. „Не остана ништо, ништо не остана. Нема ни цртеж, ни фотографија, нема ни книга“, вели Владимир Георгиевски, чии сеќавања на неговото рано детство, сепак, му буди една преживеана фотографија каде што тој е со својата тетка и сестра.

Изложбата е дел од проектот „Фотографијата – сведок или жртва“, кој го спроведува Македонскиот центар за фотографија со финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија. Најголем дел од него се одржа лани на одбележувањето на 50-годишнината од скопскиот земјотрес. Но, и сега привлекува внимание.

Статијата е прочитана 1160 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

Deutsche Welle
- Јанева очекува СЈО да продолжи со работа
- Прославени титулите во Минхен и Мадрид
- Северна Кореја: Секоја недела една ракета?

ОСТАНАТИ ВЕСТИ
На Скупи се открива Римскиот театар
„Ное“ е на прво место и покрај реакциите
„Бигорски манастир - бастион на православието во Западна Македонија“
Средба со писателката за деца Бистрица Миркуловска
Балет од Монтреал ќе гостува во МОБ

период од-до 2006 - 2014

Утрински весник

ONLINE ИЗДАНИЕ
Вести
Магазин
Спорт
Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Политика
Македонија
Економија
Хроника
Коментари
Свет
Култура
Спорт
Скопје
Забава
Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
Дневник
Вест
Теа Модерна
Огласник 24

МАРКЕТИНГ

POWERED BY nextsense

РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓорѓов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани